# ОДГОВОР

**на известување по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Министерството за здравство на ден 11.03.2015 година достави известување по Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Имплементација на проектните активности за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на Јавните здравствени установи, влијанието врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-227/3.

Овластениот државен ревизор го разгледа известувањето по Нацрт извештајот и по истото се произнесе како што следува:

1. Во врска со **препораката под реден број 1** која се однесува на потребата Министерството за здравство да преземе соодветни мерки согласно потребите и можностите за кадровско доекипирање на секторите надлежни за планирање и утврдување приоритети за медицинска опрема по јавни здравствени установи, следење на реализација на договорите за јавни набавки и водење евиденција за набавената опрема, законскиот застапник на министерството **известува** за преземените активности. Имено во тек е спроведување на постапка за вработување на:
   - Државен советник за медицинска опрема и јавни набавки, која постапка се очекува да заврши до крајот на март 2015 година, и
   - Соработник во секторот за медицинска опрема.

   Во исто време се **известува** за причините за непотполнетост на систематизираните работни места, како и активностите кои се преземени во претходниот период за изменување и дополнување на актите за внатрешна организација и систематизација.

   Преземените активности од страна на законскиот застапник на министерството соодветно се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Во врска со **препораката под реден број 2** која се однесува на потребата, Министерството да донесе пишани процедури за начинот на прием и испорака на новата медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи за детално да се регулираат начинот и постапката за прием на опремата, законскиот застапник на министерството **известува** дека донесени се измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 10/2015), во кој меѓу другото се уредува и евиденцијата, користењето на евиденцијата на медицинската опрема и обврските на директорот и здравствените

работници во однос на медицинската опрема. Воедно министерот за здравство постапувајќи согласно одредбите на член 92-а став 5 од Законот за здравствена заштита донесува Правилник за начинот на водење на евиденција на медицинската опрема, како и видот, формата и содржината на обрасците за водење на евиденцијата на медицинската опрема, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 43/2015 година од 18 март 2015 година, што преставува постапување по дадената препорака, поради што дадената препорака ќе изостане во Конечниот извештај.

Преземените активности од страна на законскиот застапник на министерството соодветно се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

3. Во врска со известувањето кое се однесува на утврдената состојба на точка **3. Квантитативен и квалитативен прием на опремата, дефинирање на начин и услови на плаќање, гарантен рок, услови за одржување и постгарантен рок**, законскиот застапник **известува** дека „целокупната опрема предмет на ревизија е набавена, инсталирана и ставена во функција и максимално искористена во функција на граѓаните“. За оваа состојба овластениот државен ревизор има утврдено состојба и врз основа на истото изгради заклучок кој е составен дел на извештајот.

4. Во врска со известувањето кое се однесува на утврдената состојба на точка **3.2. имплементација на договорите од аспект на начинот и условите за плаќање**, законскиот застапник **известува** за активностите кои се преземаат од страна на надлежните органи за сервисирање на обврските превземени за набавка на медицинска опрема како и градежните работи поврзани со опремата. За оваа состојба овластениот државен ревизор има утврдено состојба и врз основа на истото изгради заклучок кој е составен дел на извештајот.

5. Во врска со известувањето кое се однесува на утврдената состојба на точка **4. Обезбедување просторни и функционални услови за поставување и ставање во употреба на опремата**, **стручен кадар за користење на опремата и давање услуги на граѓаните**, законскиот застапник **известува** дека „се грижи за соодветно инсталирање на новата опрема и ги обезбедува потребните услови за нејзино ставање во употреба“.

6. Во врска со известувањето кое се однесува на утврдената состојба на точка **4.3. за динамиката на активностите на градење на бункерите во клиничка болница Битола и клиничка болница Штип**, законскиот

застапник **известува** дека се завршени градежните активности за изградба на бункерот за поставување на линеарниот акцелератор во клиничка болница Штип и во тек е негово поставување. Во прилог на известувањето не се доставени дополнителни докази врз основа на кои овластениот државен ревизор би извршил нивно обелоденување во конечниот извештај.